Број: 11- 5961/3
Датум: 17.08.2023
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности точка 4. Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа образование за 2023 година (Службен гласник на Општина Карпош бр. 25/2022, 4/2023, 5/2023 и 10/2023), Решение од Комисијата за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година и Одлуката за објавување на Оглас за доделување стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта за 2023/2024 година со број. 11- 5961/2 од 17.08 2023 година**,** Градоначалникот објавува:

# ОГЛАС
## за доделување на стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2023/2024 година

## 1. Услови за доделување стипендија

**-** Да се жители на општина Карпош (адреса на живеење);
- Да се редовни ученици во VIII или IX одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош;
- Да имаат освоено I или II место на натпревари (градски, државни, меѓународни).

## 2. Критериуми за доделување стипендија

Право на разгледување имаат само дипломи за освоено I или II место од здруженија, организации, друштва, асоцијации и сл. акредитирани од Министерство за образование и наука.

Освоени I или II место на натпревари од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI до VIII за редовни ученици во 8 одделение, односно од VII до IX одделение за редовни ученици во 9 одделение:

- I и II место на **градски (регионални)** натпревари (2 бода, 1 бод);
- I и II место на **државни** натпревари (6 бода, 3 бода );
- I и II место на **меѓународни** натпревари (8 бода, 7 бода, во прилог потврда од организаторот на натпреварот дека учествувале минимум 3 (три) или повеќе држави на меѓународниот натпревар).

Втора категорија ќе се додели на ученици кои освоиле од 4 (четири) бодови до 5 (пет);
Прва категорија ќе се додели на ученици кои освоиле од 6 (шест) и повеќе бодови.
*Освоените места на групни натпревари нема да бидат бодувани.

## 3.Потребни документи:

Со барањето, учесниците на Огласот треба да достават:
- Документ како доказ дека живее во Општина Карпош (лична карта од родител/старател);
- Потврда од училиштето дека е редовен ученик во VIII односно IX одделение во учебната 2023/2024 во општинското основно училиште од територија на Општина Карпош;
- Фотокопии од дипломи од освоени места на натпревари од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI и VII одд. за редовни ученици во VIII одд и од VII и VIII одд. за редовни ученици во IX одделение**;**
- Препорака од класниот раководител или предметниот наставник;

## 4.Висината на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500,00 денари месечно за Втора категорија 3.000,00 денари месечно за Прва категорија, за осум месеци во текот на учебната 2023/2024 година.

## 5.Начин на пријавување

Документите се доставуваат во затворен плик во Архивата на Општина Карпош или по пошта на ул. Радика бр. 9 ,Скопје, со назнака „За доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2023/2024 година “.

## 3. Рок за поднесување на документи

Крајниот рок за поднесување на документите по огласот е заклучно со 05.09.2023 година. Документите на кандидатите кои не се комплетни и не се навремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Напомена:** На ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува една стипендија по негов избор, врз основа на доставена изјава за која

стипендија се одлучил. Постапката по јавен оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Стевчо Јакимовски